Агенција за аудио
и аудиовизуелни
медиумски услуги

# РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ ВО МАКЕДОНИЈА

ноември, 2018 година

**СОДРЖИНА:**

**ВОВЕД……………………………………………………………………………………………………..5**

**РЕГИОНАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ…………………………………………………………………………10**

**ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ……………………………………………………………………………..39**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ………………………………………………………………………44**

## ВОВЕД

Целта на оваа Студија е да се утврдат состојбите на регионалниот и на локалниот телевизиски пазар во Република Македонија и, врз основа на сознанијата добиени за нив, да се дадат препораки за надминување на пречките за развој и за создавање услови за одржливи модели на финансирање на регионалните и локалните телевизиски станици.

Потребата од изработка на ваква студија се наметна од одредени случувања на регионалниот и на локалниот телевизиски пазар кои укажуваат дека постојат проблеми во одржливоста на субјектите на овие пазари, како и од резултатите од истражувањата што ги спроведе Агенцијата во изминатите неколку години, а според кои гледаноста на овие телевизии е многу мала.

При изработката на Студијата се користеа податоци за економските перформанси на регионалните и локалните телевизии во изминатите години, кои тие самите ги доставуваат во Агенцијата, а чија валидност беше проверена со податоците од завршните сметки на радиодифузерите, потоа податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија, и тоа за населението во регионите и подрачјата во кои тие емитуваат програма (нивната потенцијална публика) и за активните деловни субјекти (нивните потенцијални огласувачи), како и податоци за уделите на овие субјекти во вкупната гледаност коишто последните неколку години Агенцијата ги нарачува од специјализирана истражувачка агенција. Покрај тоа, а за да се овозможи споредбена анализа, Агенцијата проучи публикации и документи издадени од релевантни институции за да добие сознанија за состојбите на овој сегмент од телевизиската индустрија во други земји.

## РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

Еден од основните услови за обезбедување демократски амбиент во секое општество е постоење независни медиуми, кои на граѓаните им обезбедуваат професионални, проверени и вистинити информации од различни извори. Оваа независност на медиумите неопходно е да се изразува како на политички, така и на економски план. Имајќи го предвид големото влијание на медиумите врз формирањето на јавното мислење, како и врз формирањето на ставовите, мислењата и вредностите на публиката, нужно е тие да пренесуваат различни, сопоставени и спротивставени гледишта и ставови за прашањата од поширок општествен интерес.

Улогата на регионалните и локалните телевизии за обезбедувањето медиумски плурализам и разновидност на медиумските содржини е од суштинско значење. Ова се должи особено на тоа што поврзаноста помеѓу нив и нивната публика - населението од подрачјата што тие ги покриваат, обично е, или пак тежнее да биде поблиска и посилна отколку онаа што успеваат да ја остварат телевизиите на државно ниво. Покрај тоа, тие на граѓаните им овозможуваат пристап до информации од регионален карактер, коишто неретко се премалку застапени или пак вооопшто не се присутни кај медиумите на национално ниво.

Препознавајќи ја значајноста на овие медиуми, како и дека тие честопати се изземени од вид во правните рамки на општата или потесната медиумска регулатива, којашто првенствено е осмислена да се занимава со големите корпоративни медиумски организации, во 2012 година, Европската платформа на регулаторни тела формираше работна група чијашто цел беше да ги разгледува битните прашања за локалните медиуми и медиумите на заедницата[1], како и да обезбеди размена на добри практики во врска со лиценцирањето на локалните, непрофитните и медиумите на заедницата (вклучувајќи и телевизија и радио), мониторингот на програмските обврски и анализа на нужните предуслови за обезбедување одржливост на секторот, не занемарувајќи ги притоа прашањата што ги отвора преминот кон дигитализација. На следната средба беа разгледувани прашањата во врска со перспективите на локалната телевизија, односно за одржливоста на локалните телевизии и радиостаници. Веќе следната година беше изработен компаративен извештај[2] за да се отсликаат начините на коишто медиумските политики и регулативи во неколку земји ги земаат предвид спецификите на локалните медиуми и медиумите на заедницата.

Две години подоцна, на 42-та средба на ЕПРА (Европска платформа на регулаторни тела) одново беше разгледувано прашањето на регионалните и локалните медиуми, овој пат со

[1] https://epra3-production.s3.amazonaws.com/attachments/files/1912/original/WG2_local_community_media.pdf?1337879606

[2] https://epra3-production.s3.amazonaws.com/attachments/files/2313/original/WG2_LCM_report_finalversion.pdf?1390387055

акцент на телевизијата и моделите на финансирање. Основа за работа на оваа работна група беше документот што според доставените податоци од вкупно 29 регулаторни тела[3] го изработи координаторот на ад-хок работната група, Оливер Гербер од регулаторното тело на Швајцарија ОФКОМ/OFCOM. За да се разграничат поимите на локална и регионална телевизија тој на почетокот укажува на тоа дека *„не постои една единствена дефиниција на терминот локална или регионална телевизија. Помеѓу двата термина нема остри граници, тие честопати се споени, или пак терминот 'регионална телевизија' или 'локална телевизија' се користи еднострано. За потребите на работната група, ја користиме следнава дефиниција на терминот:*

- *Под 'локална телевизија' генерално се подразбира телевизиска станица која своето информирање го сосредоточува на еден град или општина, и типично прикажува извештаи и луѓе од тоа место, како и совети за купување и известувања за настани. Честопати, техничкото покривање е ограничено на градот или општината. Поедини емитувачи може да ја пренесуваат нивната програма во делови од општината или градот користејќи затворени кабловски системи и може да снабдуваат само неколку стотини домаќинства.*

- *Од друга страна, 'регионалната телевизија' во принцип се однесува на поголемо кохерентно подрачје кое се протега вон границите на градот или општината. Корисниците може економски, културно или политички да бидат доделени на една единица и да се чувствуваат субјективно поврзани меѓу себе. Во случајот на регионалната телевизија, информациите и рекламите се примарно од регионалното опкружување".*

Организационите облици на локалните и регионалните телевизии се разликуваат од земја до земја. На пример, во Белгија тие се регистрирани како непрофитни здруженија, во Шпанија работат како комерцијални медиуми или како јавни радиодифузни претпријатија, во Данска како приватни некомерцијални локални телевизии и како регионални јавни радиодифузни сервиси итн[4]. Што се однесува до начинот на финансирање, во најголем број од земјите најзначаен извор на приходи на овие медиуми се средствата од рекламирање. Во некои земји тие се финансираат и од јавни фондови, како надомест за остварување на нивната обврска да промовират одредени цели од јавен интерес, утврдени во дозволата или во договорот врз основа на кој ја вршат дејноста.

Она што е заедничко за сите нив е тешката економска состојба, поради што тие најчесто не можат да ги покријат трошоците или пак едвај остваруваат некаков профит. Како резултат на тоа, во изминатите години, во повеќе европски земји голем дел од локалните и регионалните телевизии престанале да постојат. На пример, во Шпанија 21 од вкупно 32 регионални телевизии основани помеѓу 2008 и 2014 година, повеќе не постојат, а од вкупно

---

[3] https://epra3-production.s3.amazonaws.com/attachments/files/2718/original/Local_regionalTV_financing_models_WG3_final.pdf?1450254242

[4] Ibid

476 локални телевизии, до крајот на 2014 година престанале да работат дури 291. Во Франција годишно се затвораат по три или четири локални и регионални телевизии, а од 2012 до 2014 година бројот на овие медиуми во Германија се намалил за 35 (од 267 во 2012 година, на 232 во 2014 година)[5].

Посочувајќи на виталната улога на медиумите во плуралните демократски општества да бидат јавни или општествени „кучиња чувари", да пренесуваат информации и идеи, како и да обезбедуваат платформа за јавна дебата за значајни општествени прашања, во 2014 година, Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа ја усвои Препораката 364 (2014) за улогата на регионалните медиуми како алатка за градење партиципативна демократија.[6] Имајќи предвид дека во изминатите години медиумскиот сектор претрпе значајни промени како резултат на брзиот технолошки развој, дигитализацијата на медиумските услуги и појавата на новите медиуми и „граѓанското новинарство", Конгресот укажува на потребата од преиспитување на постојната медиумска политика на сите нивоа на управување за да се обезбеди регулаторна рамка која ќе гарантира соодветно ниво на заштита на сите медиумски актери од една страна, и јасно утврдување на нивните должности и одговорности од друга страна. Исто така, Конгресот наведува дека медиумскиот плурализам и разновидноста на содржините, вклучувајќи и на регионално ниво, и понатаму е под закана од растечката монополизација на медиумскиот пазар и недостатокот на финансиски средства, како и од прекумерната концентрација на сопственоста и централизираната контрола врз медиумите што води кон губење на уредувачката независност и прикриена цензура.

Со оваа Препорака Конгресот побара од Комитетот на министри да ги повика земјите членки на Советот на Европа:

а. да ја препознаат улогата на регионалните медиуми во унапредувањето на партиципативната демократија во европските региони и да ги ревидираат постоечките регулаторни рамки со цел истите да ги прилагодат на специфичната положба на регионалните медиуми во новото медиумско опкружување, земајќи ги предвид релевантните одредби од препораките на Комитетот на министри на полето на медиумите, заклучоците од Првата конференција на Министри на Советот на Европа одговорни за медиумско и информатичко општество (Белград, 7-8 ноември 2013 г.), како и Препораките 119(2002), 173(2005) и 263(2009) на Конгресот;

б. да ја вклучат безбедноста на новинарите и новинарството како дел од еден поширок концепт на медиумската слобода, т.е. истата да не биде поврзана само со физички закани и напади, туку и со легислативата и практиките спротивни на стандардите на Советот на Европа за слободата на изразување, и да воспостават механизми со кои ќе

[5] Ibid

[6] Препораката 364 (2014) за улогата на регионалните медиуми како алатка за градење партиципативна демократија е достапна на следниот линк: https://rm.coe.int/1680718b6c

се осигура безбедност и заштита на новинарите и новинарската професија и ќе се спречат или веднаш ќе се истражат наводните повреди на медиумската слобода;

в. да ги вклучат регионалните медиуми во постоечките медиумски субвенции и да спроведат конкретни субвенциски планови за унапредување на регионалниот журнализам;

г. да ги поддржат регионалните напори за одржување на регионалните јавни радиодифузни сервиси и за развивање на непрофитните медиуми, особено медиумите на заедницата;

д. да преземат финансиски и регулаторни мерки потребни за заштита и унапредување на структурниот плурализам на аудиовизуелните и печатените медиуми, со кои се бара поголема транспарентност на правилата за медиумска сопственост;

ѓ. да ги поддржат мерките за премостување на „дигиталниот јаз" и да ја унапредат медиумската писменост на регионално ниво, земајќи ја предвид Препораката 263(2009) на Конгресот за „Дигиталниот јаз и електронската инклузија во регионите".

# I. РЕГИОНАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## 1.1. Почетоци и досегашен развој

Во периодот од 1998 година, кога за прв пат беа доделени концесии за вршење радиодифузна дејност, па до ноември 2005 година, радиодифузна дејност во Македонија можеше да се врши само на територијата на целата држава или на локално ниво, при што како подрачја на локално ниво тогашната законска регулатива ги дефинираше подрачјата на општина или градот Скопје со нивната околина. Во овој период, бројот на комерцијалните локални телевизии изнесуваше околу педесетина.

Во ноември 2005 година стапи на сила Законот за радиодифузната дејност, со којшто беше отворена можноста комерцијалните телевизии, покрај на државно и локално ниво, да емитуваат програма и на регионално ниво. Со овој Закон беше утврдено дека *„Радиодифузна дејност на регионално ниво е радиодифузна дејност што ја врши радиодифузер што обезбедува опфат на слушаност, односно гледаност на подрачје на повеќе општини што претставуваат засебна природна географска и демографска целина и кое опфаќа население меѓу 150.000 - 400.000 жители. Градот Скопје со неговата околина е посебен регион*", а дека *„Радиодифузна дејност на локално ниво е радиодифузна дејност што ја врши радиодифузер што обезбедува опфат на слушаност, односно гледаност на подрачје на едно населено место со најблиската околина кое опфаќа до 150.000 жители*". Овој Закон донесе и друга важна промена – радиодифузната дејност веќе не се вршеше врз основа на договор за концесија, туку врз основа на издадена дозвола од страна на регулаторното тело. Во 2007 година беше спроведена постапка по којашто дозвола за емитување на регионално ниво добија 11 телевизии (оние што емитуваа програма на подрачјето на Скопје), а дозвола за емитување на локално ниво добија 36 телевизии.

За да се овозможи премин од аналогно кон дигитално емитување, во мај 2013 година беа донесени измени на регулативата, со коишто беше утврдено дека телевизиите имаат право да ги користат радиофреквенциите за аналогно емитување до 31 мај 2013 година и дека за да продолжат и понатаму да ја вршат дејноста треба до Советот за радиодифузија да достават барање за измена на дозволата за вршење радиодифузна дејност, со која техничкото средство преку кое се врши аналогното емитување ќе се замени со дигитален терестријален мултиплекс, јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс или сателит. При замената на техничкото средство преку кое се врши емитувањето, што беше задолжителна обврска за сите телевизии, со овие измени на локалните телевизии им беше дадена можност да го заменат и нивото на емитување, односно да емитуваат на регионално ниво, но само преку дигитален терестријален мултиплекс. Вкупно 20 локални телевизии ја искористија оваа можност и заедно со деветте скопски, бројот на регионалните телевизии по замената на дозволите изнесуваше 29, а на локалните телевизии 27. Претставниците на регионалните телевизии со коишто беа спроведени длабински интервјуа за потребите на оваа студија, токму преминот кон дигитално емитување, поточно начинот на којшто тој беше спроведен, го посочија како клучен за денешната тешка економска состојба во која тие се наоѓаат. Велат дека со тоа

многукратно се зголемиле нивните трошоци, дека воопшто не се водела сметка за економската состојба на регионалните телевизии и за последиците што тоа ќе ги има врз нив и дека нивните укажувања за негативните последици од целиот тој набрзина спроведен процес, за кој ниедна регионална телевизија не била подготвена, никој не сакал да ги земе предвид. Денес голем дел од нив се соочуваат со финансиски потешкотии, поради тоа што откако наместо на локално, започнале да емитуваат на регионално ниво, приходите речиси воопшто не им се зголемиле, а трошоците драстично им пораснале.

Во декември 2013 година беше донесен Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со него беше предвидена обврска за Агенцијата по службена должност да изврши замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радиоемитување во согласност со овој закон, и тоа во рок од 90 дена од денот на донесувањето на одлуката за избор на директор на Агенцијата. Рокот на важност на новите дозволи беше утврден на девет години. Во декември 2014 година Агенцијата го започна процесот на замена на дозволите, објавувајќи јавен повик за замена на постојните дозволи за вршење на радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско или радиоемитување. Три локални телевизии (ТВ Тера од Битола, ТВ М од Охрид и ТВ Арт од Тетово) се откажаа од постојните дозволи за емитување на локално ниво и до Агенцијата доставија барања за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа, и тоа ТВ Тера и ТВ М на регионално ниво, а ТВ Арт на државно ниво. Во декември 2014 година Агенцијата донесе Одлука за замена на постојните дозволи за вршење радиодифузна дејност со нови дозволи за телевизиско емитување на вкупно 133 радиодифузери и три одлуки за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, и тоа на ТВ М од Охрид – за емитување на регионално ниво на подрачјето Д6 – Мали Влај, на ТВ Тера од Битола – исто така за емитување на регионално ниво на подрачјето Д5 – Пелистер и на ТВ Арт од Тетово – за емитување на државно ниво. Во текот на годината, осум телевизиски станици коишто имаа дозвола да емитуваат програма на регионално ниво преку терестријален мултиплекс, до Агенцијата доставија барања за издавање дозвола за емитување на истото подрачје, но преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс (ТВ Канал Визија од Прилеп, ТВ Ускана од Кичево, ТВ Ирис и ТВ Стар од Штип, ТВ Кобра од Радовиш, ТВ Чеграни Медиа од село Чеграни, Гостивар, ТВ Вис и ТВ Телеканал А1, двете од Струмица), а една регионална телевизија (ТВ БТР од Скопје) ја изгуби дозволата за телевизиско емитување. Во 2016 година две регионални телевизии престанаа да ја вршат дејноста (ТВ Скај Нет од Скопје и ТВ Чеграни Медиа од село Чеграни, Гостивар), а во 2017 година четири (ТВ Ултра, ТВ О2, ХДТВ Мега и ХДТВ Канал Плус, сите од Скопје), додека една (ТВ Канал Визија од Прилеп) се откажа од вршење на дејноста на регионално ниво и побара дозвола за емитување на локално ниво. Во 2018 година пак, до моментот на пишување на оваа студија, дејноста престана да ја врши една регионална телевизија (ТВ Канал Три од Дебар), а дозволата ја изгубија уште две телевизии (ТВ Канал еден од Велес и ТВ Телеканал А1 од Струмица).

## 1.2. Состојби на релевантните регионални телевизиски пазари

Во Република Македонија се дефинирани вкупно осум радиодифузни региони, од кои еден - регионот Д1, се состои од два подрегиона: Д1 – Црн Врв Скопје и Д1 – Црн Врв Велес.

Во членот 62 од ЗАВМУ е утврдено дека телевизиско емитување може да се врши на подрачје на целата територија на Република Македонија, односно на државно ниво, на подрачје на одреден регион, односно на регионално ниво или на подрачје на одредено населено место со најблиската околина, односно на локално ниво. Согласно ставот 4 од овој член, *„како подрачја на регионално ниво за кои се издава дозвола за вршење на радиодифузна дејност се сметаат зоните на распределба дефинирани во Планот Женева 06 кој е дел од Регионалната радиокомуникациска конференција за планирање на дигиталната радиодифузна служба во делови од регионите 1 и 3, во радиофреквенциските опсези 174-230 MHz и 470-862 MHz (RRC-06) на која и пристапила Република Македонија, освен зоната на распределба D1 - Црн Врв која се состои од два региона на емитување Скопје и Велес, односно подрачје на регионално ниво Скопје и подрачје на регионално ниво Велес. Подрачјето на регионално ниво Скопје ги содржи градот Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште. Подрачјето на регионално ниво Велес ги содржи општините Велес, Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Росоман, Неготино и дел од општината Кавадарци".*

**Слика бр.1: Радиодифузни региони во Република Македонија**



Во 2014 година Агенцијата донесе Правилник за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, со којшто беа дефинирани и општините што ги опфаќаат останатите седум региони[7].

Телевизиите што емитуваат програма на регионално ниво преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс се должни да обезбедат покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во соодветниот регион.

Постојат значајни разлики помеѓу бројот на населението[8] - потенцијалната публика на телевизиите, и бројот на активните деловни субјекти[9] - потенцијалните огласувачи на телевизиите, помеѓу регионите.

**Табела бр.1: Број на население, на активни деловни субјекти и на регионални телевизии во радиодифузните региони**

| Радиодифузен регион | општини | Население (31.12.2017) | Активни деловни субјекти (31.12.2017) | Рег. ТВ |
|---|---|---|---|---|
| Д1-Скопје | Град Скопје, Сопиште, Арачиново, Зелениково, Чучер Сандево, Илинден, Петровец и Студеничани | 627,558 | 26,947 | 6 |
| Д1-Велес | Градско, Велес, Неготино, Чашка, Росоман, Кавадарци, Свети Николе, Демир Капија и Лозово | 152,249 | 5,383 | 1 |
| Д2-Страцин | Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Ранковце, Крива Паланка и Кратово | 176,260 | 4,084 | 2 |
| Д3-Туртел | Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Штип, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновци, Виница, Делчево, Пехчево и Берово | 175,616 | 5,615 | 2 |
| Д4-Боскија | Струмица, Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Ново Село, Дојран, Богданци, Валандово и Гевгелија | 173,405 | 5,970 | 2 |
| Д5-Пелистер | Битола, Прилеп, Новаци, Могила, Кривогаштани, Долнени, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод и Пласница | 296,859 | 9,723 | 1 |
| Д6-Мали Влај | Охрид, Струга, Вевчани и Дебарца | 123,716 | 4,988 | 1 |
| Д7-Стогово | Центар Жупа, Дебар и Маврово и Ростуша | 36,956 | 730 | 1 |
| Д8-Попова Шапка | Тетово, Гостивар, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце и Теарце | 312,682 | 7,979 | 4 |

[7] Правилникот е достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/pravilnik_za_podracja_na_emituvanje.pdf

[8] Податоците за бројот на населението се преземени од Државниот завод за статистика на Република Македонија и истите можат да се најдат на следниот линк: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__ProcenkiNaselenie/126_Popis_Ops80_NasPolStar3112_mk.px/?rxid=8f5e8c13-c838-4471-88c1-9dc8831a365b

[9] Податоците за бројот на активни деловни субјекти се преземени од Државниот завод за статистика и истите можат да се најдат на следниот линк: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/325_DelSub_Op_03AcDSbG_mk.px/?rxid=1b1a850b-df73-410b-82cb-f31043dd9534

Шесте телевизии од скопскиот регион имаат најголема потенцијална публика (627,558 жители) и најмногу потенцијални огласувачи (26,947 активни деловни субјекти). Помала потенцијална публика и помалку потенцијални огласувачи отколку во скопскиот регион, но повеќе отколку во останатите региони има во регионите Д8 – Попова Шапка (312,682 жители и 7,979 активни деловни субјекти) и Д5 – Пелистер (296,859 жители и 9,723 активни деловни субјекти). Бројот на населението и на активните деловни субјекти имаат приближни вредности во регионите Д1- Велес, Д2-Страцин, Д3-Туртел, Д4-Боскија и Д6-Мали Влај, а значително помал потенцијал отколку останатите региони има регионот Д7, каде што потенцијалната публика ја претставуваат само 36.956 жители (17 пати помалку отколку во скопскиот регион) и каде што работат само 730 активни деловни субјекти (37 пати помалку отколку во скопскиот регион).

Поради несовпаѓање на општините што ги опфаќаат радиодифузните и статистичките региони нема можност споредбено да се анализира бруто домашниот производ што бил остварен во поодделните региони, ниту во апсолутен износ ниту по жител, затоа што Државниот завод за статистика овие податоци ги пресметува само на ниво на статистичките региони, а не и за секоја општина посебно.

**Слика бр.2: Активни деловни субјекти и број на население во радиодифузните региони**




Највисоки вкупни приходи и приходи од рекламирање биле остварени во скопскиот регион (40,78 милиони денари, односно 22,63 милиони денари), во којшто се најголеми и бројот на потенцијалната публика и бројот на потенцијалните огласувачи. Најниски вкупни приходи оствариле телевизиите во регионот Д6-Мали Влај, а најниски приходи од реклами телевизиите во регионот Д5-Пелистер. Регионалните телевизии од регионот Д3-Туртел оствариле повисоки вкупни приходи од оние во регионите Д4-Боскија и Д5-Пелистер, и покрај тоа што во овој регион има помалку активни деловни субјекти.

**Слика бр.3: Вкупни приходи во радиодифузните региони во 2017 година**




Во последните четири години, вкупните приходи на регионалните телевизии континуирано се намалувале – во 2014 година тие изнесувале 304,06 милиони денари, во 2015 година 250,59 милиони денари (за 17,59% помалку отколку во 2014 година), во 2016 година 199,05 милиони денари (за 20,57% помалку отколку во 2015 година), а во 2017 година 102,38 милиони денари (за 48,57% помалку отколку во 2016 година). Во 2017 година, 15 регионални телевизии оствариле помалку приходи отколку во 2016 година. Намалувањето на приходите во најголема мера се должи на одлуката на Владата од јули 2015 година да престане да се рекламира, но самите радиодифузери укажуваат дека има и други причини. Една од нив е и тоа што компаниите се поголем дел од буџетите издвојуваат за рекламирање на интернет, на сметка на буџетите за рекламирање на регионалните телевизии, што не е случај со буџетите за рекламирање на телевизиите на државно ниво.

**Слика бр.4: Приходи од рекламирање во радиодифузните региони во 2017 година**



Покрај тоа, забележително е и дека учеството на вкупните приходи на регионалните телевизии во вкупните приходи на телевизискиот пазар е релативно мало и бележи континуирано опаѓање. Во 2017 година приходите на регионалните телевизии претставувале 7,20% од вкупните приходи во телевизиската индустрија, во 2016 година 12,92%, во 2015 година 15,26%, а во 2014 година 17,97%.

**Слика бр.5: Движење на вкупните приходи на регионалните телевизии во последните пет години**




Во 2017 година, единствено во регионот Д5-Пелистер рекламирањето не било најзначаен извор на приходи – само 26,69% од вкупните приходи биле од рекламирање. Учеството на приходите од рекламирање во вкупните приходи остварени во регионот Д1-Скопје изнесувало 55,47%, во Д1-Велес 97,81%, во Д2 – 99,50%, во Д3 – 98,27%, во Д4 – 81,86%, во Д6 – 85,39% и во Д8 – 94,30% од вкупните приходи.

**Табела бр.2: Структура на приходите кај регионалните телевизии во 2017 година**

| Структура на приходите | 2017 | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 75.46 | 73.71% |
| Спонзорства | 0.37 | 0.36% |
| Продажба на содржини | 1.74 | 1.70% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.69 | 0.67% |
| Останати приходи | 20.36 | 19.88% |
| **Приходи од основна дејност** | 98.62 | 96.32% |
| Приходи од други дејности | 3.33 | 3.25% |
| Вонредни приходи | 0.43 | 0.42% |
| **Вкупни приходи** | 102.38 | 100.00% |

Најзначајни огласувачи за регионалните телевизии се регионалните и локалните огласувачи. Поради ниската гледаност тие се речиси целосно неатрактивни за големите огласувачи. Дел од рекламните агенции коишто Агенцијата ги консултираше за оваа состојба укажаа дека тоа се должи на малата гледаност на регионалните телевизии и дека се додека тоа не се промени не постои оправданост тие да распределуваат средства од

буџетите за рекламирање на нивните клиенти на овие телевизии. Претставниците на регионалните телевизии пак, со кои беа спроведени длабински интервјуа, посочија дека покрај тоа што големите огласувачи не се рекламираат кај нив, дополнителен проблем е тоа што регионалните и локалните огласувачи се економски многу слаби субјекти и дека нивните буџети за огласување се многу мали. Некои од нив потенцираа дека и покрај тоа што од локално преминале на регионално ниво, не обезбедиле нови огласувачи, туку и понатаму кај нив се огласуваат само оние огласувачи коишто се огласувале и претходно, кога работеле како локална телевизија. Излезот од ваквата ситуација го гледаат во општиот развој на економијата во Македонија, односно обезбедување услови за развој на економски силни регионални и локални субјекти коишто ќе имаат значајни буџети за рекламирање.

Вкупните трошоци на сите регионални телевизии изнесувале 118,76 милиони денари, од кои 64,22% биле наменети за создавање на програмата. Најголем дел од трошоците биле за плати и други надоместоци на лицата кои се директно поврзани со производство на програмата (44,31 милиони денари). Карактеристично за регионалните телевизии е тоа што тие трошат малку средства за набавка на програма. Вкупниот износ на овој трошок во 2017 година изнесувал 10,81 милиони денари, но дури 5,12 милиони од нив се трошоците на ТВ Скопје. Десет регионални телевизии воопшто не прикажале трошоци за набавка на програма, а останатите 10 заеднички потрошиле само 10,81 милион денари.

**Табела бр.3: Структура на трошоците кај регионалните телевизии во 2017 година**

| **Структура на трошоците** | 2017 | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 9.84 | 8.28% |
| Трошоци за набавка на програма | 10.81 | 9.10% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 11.31 | 9.52% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 44.31 | 37.31% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | 76.26 | 64.22% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 3.35 | 2.82% |
| Амортизација на опремата | 15.93 | 13.42% |
| Амортизација на права и лиценци | 3.19 | 2.69% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 5.26 | 4.43% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 12.98 | 10.93% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | 116.98 | 98.50% |
| Расходи од други активности | 1.49 | 1.25% |
| Вонредни расходи | 0.29 | 0.24% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | 118.76 | 100% |

Друга карактеристика на економското работење на регионалните телевизии е непрофитабилноста. Во 2017 година, нивниот финансиски резултат од работењето бил загуба во износ од 16,73 милиони денари. Во оваа година, само шест телевизии оствариле добивка (во вкупен износ од 1,56 милиони денари), а останатите 14 загуба (во вкупен износ

од 18,29 милиони денари). И во претходната година финансискиот резултат од работењето на регионалните телевизии бил негативен, а загубата изнесувала 48,22 милиони денари.

Дополнително, регионалните телевизии имаат и многу мала гледаност – во 2017 година, просечниот дневен досег на регионалните и на локалните телевизии изнесувал само 14,8%, односно на прашањето „дали вчера гледавте некој регионален или локален телевизиски канал", само 14,8% од испитаниците одговориле потврдно. Дел од самите регионални телевизии посочија дека малата гледаност се должи на тоа што тие не се во можност да купуваат атрактивни играни серии и друга програма од врвна продукција, и така да се борат за гледаност со телевизиите на државно ниво. Поради лошата економска состојба и оние програмски содржини што самите ги продуцираат се со низок квалитет, поради тоа што не располагаат со соодветни ресурси за да обезбедат квалитетна продукција. Така, и покрај тоа што тие покриваат одредени регионални или локални теми за коишто нема простор кај големите телевизии, со што сепак ја привлекуваат публиката, квалитетот на продукција на овие содржини е на ниско ниво. Од друга страна пак, токму квалитетот на содржините го посочуваат како еден од факторите што тие можат да ги контролираат, а од кои зависи успехот на работењето на телевизијата. Но, според нив, покрај несоодветната техничка опременост, причина за неквалитетната продукција е и капацитетот на вработените, заради што е потребно да се организираат обуки и за новинарите и за реализаторскиот кадар во регионалните телевизии преку коишто ќе се подигнува нивниот капацитет, имајќи предвид притоа дека економската состојба не им дозволува да плаќаат обуки за своите вработени, но кога тие би биле бесплатни секако дека би учествувале. Дополнително, потребни им се обуки и за искористување на можностите за нови извори на приходи што ги нуди дигиталното опкружување, односно за развивање нови бизнис модели. И сега ги користат новите медиуми, но само за промоција на телевизијата и се уште не остваруваат приходи од тоа.

**<u>РР Д1 – Скопје</u>**




**Број на регионални ТВ - 6**

**Број на население – 627.558**

**Активни деловни субјекти – 26.947**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 40,78 милиони денари**

Во овој регион програма емитуваат вкупно шест телевизии, сите со претежно забавен општ формат, но имаат различна целна публика поради тоа што емитуваат на различни јазици (ТВ Амазон и ТВ МТМ на македонски, ТВ Шутел на ромски и македонски, ТВ Едо на бошњачки и македонски, ТВ Ера на албански и турски, а ТВ Скопје на македонски и албански јазик).

Според податоците од последниот Попис на населението во Македонија од 2002 година, во овој регион структурата на населението според етничката припадност е следна: 63,55% се Македонци (367.413), 23,16% се Албанци (133.893), 4,19% Роми (24.225), 3,14% Срби (18.152), 2,11% Турци (12.216), 1,89% Бошњаци (10.946) и 1,96% припадници на други етнички заедници (11.299).

Само ТВ Шутел емитува програма 105 часа во неделата, односно 15 часа дневно. Останатите пет телевизии емитуваат 24 часа во денот.

**Табела бр.4: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д1-Скопје**

| | ТВ Ера | ТВ Едо | ТВ Скопје | ТВ Шутел | ТВ МТМ | ТВ Амазон |
|---|---|---|---|---|---|---|
| информативна функција | 24:35:00 | 17:22:00 | 34:30:00 | 21:00:00 | 37:50:00 | 55:00:00 |
| образовна функција | 28:58:00 | 53:44:00 | 10:00:00 | 23:55:00 | 15:10:00 | 24:00:00 |
| забавна функција | 72:15:00 | 78:55:00 | 79:30:00 | 56:00:00 | 98:00:00 | 79:00:00 |
| други програмски сегменти | 42:12:00 | 17:59:00 | 44:00:00 | 04:05:00 | 17:00:00 | 10:00:00 |
| вкупно | 168:00:00 | 168:00:00 | 168:00:00 | 105:00:00 | 168:00:00 | 168:00:00 |

Во текот на една седмица овие шест телевизии на публиката во скопскиот регион и нудат вкупно 190 часа и 17 минути информативна програма, 155 часа и 47 минути образовна програма и 463 часа и 40 минути забавна програма.

Од програмските содржини со информативна функција, најзастапени се вестите (вкупно 65 часа и 50 минути во текот на една недела) и специјализираните информативни емисии (44 часа), од оние со образовна функција – документарната програма (вкупно 75 часа и 39 минути) и документарно-забавната програма (47 часа и 44 минути), а најголем дел од програмските содржини со забавна програма е играната програма – телевизиски, кинематографски и анимирани филмови, серии, серијали, театарски претстави, хумор и сатира, реалистични играни серијали (238 часа и 45 минути во текот на една недела) и музичката програма - музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, танци, балет, опера и слично, музички спотови и друго (138 часа и 45 минути).

**Слика бр.6: Најчесто гледани содржини на регионалните телевизии во регионот Д1-Скопје**




Токму овие содржини испитаниците ги посочиле како содржини што најчесто ги гледаат на овие канали – играните филмови, забавната и/или музичката програма, вестите и сериските филмови.

Во 2017 година, вкупните приходи на овие шест телевизии изнесувале 40,78 милиони денари, а повеќе од половината од нив (55,47%) биле приходи од рекламирање (22,62 милиони денари).

Со оглед на тоа што овој регион има најголем пазарен потенцијал (и потенцијалната публика и потенцијалните огласувачи се неколкукратно поголеми отколку во останатите региони), очекувано е што телевизиите од овој регион оствариле многу повисоки приходи од реклами отколку телевизиите од останатите радиодифузни региони.

Само една телевизија (ТВ Скопје) воопшто не прикажала приходи од рекламирање. Најгледана од овие шест телевизии била ТВ Едо, но ТВ Ера остварила пет пати повеќе приходи од реклами од неа.

**Табела бр.5: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д1-Скопје во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ СКОПЈЕ | 26.54 | 10.01 | 0.00 | 0.00 | 0.11% | 0.12% |
| ТВ ШУТЕЛ | 5.68 | 3.48 | 0.79 | 1.6 | 0.38% | 0.49% |
| ТВ МТМ | 6.53 | 7.96 | 1.29 | 4.31 | 0.61% | 0.55% |
| ТВ ЕРА | 12.97 | 14.18 | 11.90 | 11.96 | 1.39% | 1.20% |
| ТВ ЕДО | 4.00 | 2.64 | 3.34 | 2.25 | 2.10% | 1.62% |
| ТВ АМАЗОН | 2.42 | 2.51 | 0.00 | 2.5 | 0.08% | 0.15% |

На крајот на годината само две телевизии оствариле добивка (ТВ МТМ и ТВ Шутел), а четири загуба (ТВ Амазон, ТВ Едо, ТВ Ера и ТВ Скопје).

## РР Д1 – Велес




**Број на регионални ТВ - 1**

**Број на население – 152.249**

**Активни деловни субјекти – 5.383**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 10,51 милион денари[10]**

Програма во овој регион емитува само една телевизија – ТВ КТВ. Програмскиот сервис на овој радиодифузер е со претежно забавен општ формат, на македонски јазик. Според етничката припадност, 89% од населението во регионот се Македонци.

**Табела бр.6: Времетраење на планираната неделна програма по функции во регионот Д1-Велес**

| | ТВ КТВ |
|---|---|
| информативна функција | 30:00:00 |
| образовна функција | 26:00:00 |
| забавна функција | 70:45:00 |
| други програмски сегменти | 41:15:00 |
| вкупно | 168:00:00 |

Оваа телевизија, во текот на една недела, емитува вкупно 30 часа содржини со информативна функција, 26 часа содржини со образовна функција и 70 часа и 45 минути содржини со забавна функција.

Од информативната програма најмногу се застапени вестите, со вкупно 9 часа неделно, а од програмските содржини со образовна функција најзастапена е документарната програма – вкупно 8 часа и 30 минути во текот на неделата. Дури 50 часа од програмските содржини со забавна функција се играна програма.

[10] Овој износ заедно го остварија ТВ КТВ и ТВ Канал еден, којашто во февруари 2018 година престана да ја врши дејноста

**Слика бр.7: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д1-Велес**




И покрај тоа што најголем дел од програмската понуда се играната и музичката програма, во 2017 година публиката најчесто ги гледала вестите и информативната програма.

Со оглед на тоа што во текот на 2017 година телевизиска програма во овој регион емитуваше и ТВ Канал еден, подолу се дадени податоци за приходите и гледаноста на двете телевизии.

**Табела бр.7: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д1-Велес во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ КТВ | 3,3 | 3,09 | 3,29 | 3,03 | 2,66 | 3.52% |
| ТВ КАНАЛ ЕДЕН | 12,3 | 7,42 | 9,52 | 7,25 | 1,98 | 1.84% |

Овие две телевизии заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 10,51 милион денари, од коишто 97,81% од рекламирање. Забележливо е дека не постои директна поврзаност помеѓу приходите од рекламирање и гледаноста. Напротив, во 2017 година, ТВ Канал еден и покрај тоа што била помалку гледана, остварила речиси два и пол пати повеќе приходи од рекламирање од ТВ КТВ.

Финансискиот резултат од работењето на двете телевизии бил негативен.

**РР Д2**




**Број на регионални ТВ - 2**

**Број на население – 176.260**

**Активни деловни субјекти – 4.084**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 7,99 милиони денари**

Двете телевизии во овој регион емитуваат програмски сервиси со претежно забавен општ формат, но едната од нив (ТВ Сител 2) емитува програма на македонски јазик, а другата (ТВ К Три) на македонски и на албански јазик. Според последниот попис, во овој регион 59,09% од населението се Македонци (102.108), а 31,05% Албанци (53.651).

**Табела бр.8: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д2-Страцин**

| | К Три | Сител 2 |
|---|---|---|
| информативна функција | 34:30:00 | 22:00:00 |
| образовна функција | 10:00:00 | 22:00:00 |
| забавна функција | 79:30:00 | 76:00:00 |
| други програмски сегменти | 44:00:00 | 48:00:00 |
| вкупно | 168:00:00 | 168:00:00 |

Заеднички, овие две телевизии во текот на една недела емитуваат вкупно 56 часа и 30 минути информативна програма, 32 часа образовна програма и 155 часа и 30 минути забавна програма. Половина од информативната програма се вести, во вкупно времетраење од 28 часа и 30 минути, од кои 17 часа и 30 минути емитува ТВ К Три, а 11 часа ТВ Сител 2. Сите 32 часа програма со образовна функција се документарна програма (ТВ К Три емитува 10 часа, а ТВ Сител 2 емитува 22 часа документарна програма во неделата). Од 155 часа и 30 минути програма со забавна функција, 76 часа и 30 минути е играна програма – телевизиски, кинематографски и анимирани филмови, серии, серијали, театарски претстави, хумор и сатира, реалистични играни серијали. Од нив, 50 часа емитува ТВ Сител 2, а останатите 26 часа и 30 минути ТВ К Три. Покрај играната програма, значаен дел од програмската понуда на овие две телевизии е и музичката програма - вкупно 36 часа и 25 минути, што се должи на тоа што ТВ К Три емитува 28 часа музичка програма во текот на една недела.

**Слика бр.8: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д2-Страцин**




Најголем дел од програмската понуда на овие две телевизии е играна програма, а ако се погледнат збирно одговорите на испитаниците од овој регион коишто на прашањето „што најчесто гледате на регионалните и на локалните телевизии" одговориле „сериски филм" (11,60%) и игран филм (13,80%), се забележува дека играната програма е и нивни најчест избор, покрај вестите на овие две телевизии коишто имаат речиси подеднаква гледаност како и играната програма (26,70%).

**Табела бр.9: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д2-Страцин во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ К ТРИ | 11,74 | 5,41 | 11,74 | 5,37 | 3,32% | 3,17% |
| ТВ СИТЕЛ 2 | 2,59 | 2,58 | 2,59 | 2,58 | 1,22% | 1,84% |

Во 2017 година, 99,50% од вкупните приходи на двете телевизии биле од продажба на времето за рекламирање, и тоа на ТВ К Три биле два пати повисоки отколку на ТВ Сител 2. ТВ К Три била речиси два пати погледана од ТВ Сител 2.

На крајот на годината двете телевизии прикажале загуба од работењето.

**РР ДЗ**




**Број на регионални ТВ - 2**

**Број на население – 175.616**

**Активни деловни субјекти – 5.615**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 12,12 милиони денари**

Во овој регион биле остварени приходи во износ од 12,12 милиони денари, од кои 98,27% биле од рекламирање. Иако двете телевизии емитуваат програмски сервиси од ист формат – општ со претежно забавна функција на македонски јазик, забележлива е значајна разлика во вкупните приходи што тие ги оствариле.

**Табела бр.10: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот ДЗ-Туртел**

| | ТВ Ирис | ТВ Стар |
|---|---|---|
| информативна функција | 53:35:00 | 26:21:00 |
| образовна функција | 19:20:00 | 35:20:00 |
| забавна функција | 78:00:00 | 78:10:00 |
| други програмски сегменти | 17:05:00 | 28:09:00 |
| вкупно | 168:00:00 | 168:00:00 |

Од вкупно 336 часа програма што овие две телевизии ја емитуваат во текот на неделата, 156 часа и 10 минути е програма со забавна функција. Речиси 65% од забавната програма е играна програма (49 часа и 40 минути). Програмските содржини со информативна функција се емитуваат со вкупно времетраење од 79 часа и 56 минути. Најголем дел од нив се актуелно-информативна програма (22 часа и 10 минути) и информативно-забавна програма (20 часа и 10 минути). Во текот на една недела ТВ Ирис емитува 18 часа и 20 минути актуелно-информативна програма, а ТВ Стар 3 часа и 50 минути. Програмските содржини со образовна функција се застапени со вкупно 54 часа и 40 минути, од коишто најголем дел, односно 19 часа и 50 минути се емитува документарна програма.

**Слика бр.9: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот ДЗ-Туртел**




Најгледани содржини од програмската понуда на регионалните телевизии во овој регион биле вестите (28,70% од испитаниците во регионот одговориле дека на регионалните и локалните телевизии најчесто гледаат вести) и играните филмови (14,90%). Спортската програма, иако најзастапена во програмската понуда на овие две телевизии, има забележително помала гледаност – таа била најчест избор за 8,50% од публиката.

**Табела бр.11: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот ДЗ-Туртел во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ ИРИС | 4.91 | 3.72 | 4.69 | 3.55 | 2,99% | 2,80% |
| ТВ СТАР | 8.56 | 8.40 | 8.55 | 8.36 | 3,37% | 3,23% |

Во 2017 година ТВ Стар остварила вкупни приходи во износ од 8,40 милиони денари, што е за 4,68 милиони денари повеќе отколку ТВ Ирис. Од нив, речиси сите се остварени од продажба на времето за рекламирање.

Само ТВ Стар остварила добивка во 2017 година, додека ТВ Ирис работела со загуба.

**РР Д4**




**Број на регионални ТВ – 2**

**Број на население - 173.405**

**Активни деловни субјекти – 5.970**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 7,32 милиони денари**

И во овој регион програма емитуваат две регионални телевизии, и двете со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

**Табела бр.12: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д4-Боскија**

| | ТВ Вис | ТВ Кобра |
|---|---|---|
| информативна функција | 30:00:00 | 30:00:00 |
| образовна функција | 18:30:00 | 21:00:00 |
| забавна функција | 78:30:00 | 94:00:00 |
| други програмски сегменти | 41:00:00 | 23:00:00 |
| вкупно | 168:00:00 | 168:00:00 |

Публиката во овој регион преку програмите на овие две телевизии во текот на една недела има пристап до вкупно 172 часа и 30 минути забавна програма, 39 часа и 30 минути образовна програма и 60 часа информативна програма. Најголем дел од програмските содржини со забавна функција е музичка програма (69 часа и 30 минути, од коишто 58 часа емитува ТВ Кобра) и играна програма (68 часа, од коишто 46 часа се емитуваат на програмскиот сервис на ТВ Вис). Најголем дел од информативната програма се вести, односно ТВ дневници (23 часа и 30 минути). ТВ Кобра во текот на неделата емитува вести во времетраење од 14 часа, а ТВ Вис во времетраење од 9 часа и 30 минути. Најзастапени содржини помеѓу оние со образовна функција се образовно-забавните програми (ТВ Кобра вакви содржини емитува по пет часа неделно, а ТВ Вис по 5 часа и 30 минути).

Најчест избор на публиката од програмската понуда на овие две телевизии биле вестите, односно ТВ дневниците и играните филмови. Иако е најзастапена во програмската понуда, музичката програма има далеку помала гледаност од информативната програма.

**Слика бр.10: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д4-Боскија**




Заеднички овие две телевизии оствариле вкупни приходи во износ од 7,33 милиони денари, а 82% од овој износ биле приходите од рекламирање (6 милиони денари).

**Табела бр.13: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д4-Боскија во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ ВИС | 10.37 | 4.10 | 5.29 | 3.99 | 3.79% | 3.36% |
| ТВ КОБРА | 3.79 | 3.23 | 3.64 | 2.01 | 1.66% | 1.42% |

ТВ Кобра остварила двојно помалку приходи од реклами од ТВ Вис. На крајот од годината и двете телевизии оствариле позитивен финансиски резултат, но добивката на ТВ Кобра била речиси седум пати поголема од онаа на ТВ Вис.

## РР Д5




**Број на регионални ТВ - 1**

**Број на население – 296.859**

**Активни деловни субјекти – 9.723**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 7,83 милиони денари**

Во првата половина од 2017 година, во овој регион програма емитуваа три регионални телевизии (ТВ Тера, ТВ Канал Визија и ТВ Мега). Во август ТВ Канал Визија престана да емитува на регионално ниво и доби дозвола за телевизиско емитување на локално ниво, додека пак ТВ Мега се откажа од вршењето на дејноста во декември 2017 година. За време на пишувањето на оваа студија, програма во регионот Д5 емитуваше само ТВ Тера. 75,58% од населението во регионот се Македонци (231.710), а 13,91% се Албанци (42.636).

Оваа телевизија емитува програмски содржини со претежно забавен општ формат, на македонски јазик. Во текот на една недела, таа емитува вкупно 75 часа забавна програма, од којашто најголем дел (38 часа) е играна програма.

**Табела бр.14: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д5-Пелистер**

| | ТВ Тера |
|---|---|
| информативна функција | 39:00:00 |
| образовна функција | 16:00:00 |
| забавна функција | 75:00:00 |
| други програмски сегменти | 38:00:00 |
| вкупно | 168:00:00 |

Програма со претежно информативна функција се емитува во времетраење од 39 часа (од нив најголем дел се вести – 14 часа), а најмал дел од програмите се со образовна функција (16 часа во текот на една недела, од кои половината се документарно-забавна програма).

**Слика бр.11: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д5-Пелистер**




На прашањето „кои програмски содржини најчесто ги гледате на регионалните и на локалните телевизии", најголем дел од испитаниците во овој регион одговориле вести (28,70%) и информативна програма (17,40%). По нив, трет најчест избор на публиката била забавната, односно музичката програма.

**Табела бр.15: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д5-Боскија во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ ТЕРА | 9.7 | 7.83 | 2.18 | 2.09 | 3.14% | 3.05% |

Вкупните приходи на ТВ Тера во 2017 година изнесувале 7,83 милиони денари. Учеството на приходите од рекламирање во вкупните приходи изнесувало 26,69%.

Телевизијата во 2017 година работела со загуба.

**<u>РР Д6</u>**




**Број на регионални ТВ - 1**

**Број на население – 123.716**

**Активни деловни субјекти – 4.988**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 3,56 милиони денари**

ТВ М е единствената телевизија којашто емитува програма во овој регион. Станува збор за програмски сервис со општ формат со претежно забавна функција, на македонски јазик. Според податоците од Пописот на населението во Македонија од 2002 година, во овој регион 59,36% од населението биле Македонци (75.423), а 30,81% Албанци (39.147).

**Табела бр.16: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д6-Мали Влај**

| | ТВ М |
|---|---|
| информативна функција | 40:00:00 |
| образовна функција | 10:00:00 |
| забавна функција | 92:00:00 |
| други програмски сегменти | 26:00:00 |
| вкупно | 168:00:00 |

Од вкупно 168 часа програма што во текот на една недела емитува оваа телевизија, 92 часа е со претежно забавна функција, од кои дури 64 часа е играна програма (телевизиски филмови, кинематографски филмови, анимирани филмови, серии, серијали, театарски претстави, хумор и сатира, реалистични играни серијали). Од информативната програма најзастапени во програмската понуда се вестите и информативно-забавната програма, со по 10 часа во текот на неделата. Најмал дел од емитуваната програма е со образовна функција (10 часа во неделата, од коишто 8 часа се емитува документарна програма).

**Слика бр.12: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д6-Мали Влај**




И во овој регион, на регионалните и локалните телевизии публиката најчесто гледала вести. Втор нејзин избор биле музичките емисии, а на трето место играните филмови.

**Табела бр.17: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д6-Мали Влај во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВМ | 4.99 | 3.56 | 4.52 | 3.04 | 2.14% | 3.26% |

Вкупните приходи коишто ги остварила оваа телевизија во 2017 година изнесувале 3,56 милиони денари, од кои најголем дел (85,39%) биле од рекламирање.

Финансискиот резултат од работењето на оваа телевизија бил негативен.

**РР Д7**




**Број на регионални ТВ - 1**

**Број на население – 36.956**

**Активни деловни субјекти – 730**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ - /**

Во овој регион, и потенцијалната публика и бројот на потенцијалните огласувачи се неколкукратно помали отколку во останатите региони. Потенцијалната публика ја претставуваат само 36.956 жители, а потенцијални огласувачи се само 730 активни деловни субјекти. Само една телевизија, Телевизија 3, има дозвола да емитува програма на подрачјето на овој регион, и тоа на македонски, албански и турски јазик. Дозволата на овој радиодифузер му беше доделена во мај 2018 година, а во моментот на пишување на оваа студија тој се уште не започнал да ја врши дејноста. Според етничката припадност, 38,31% од населението во овој регион се Албанци (13.285), 30,54% Турци (10.590), а 26,17% Македонци (9.074).

**Табела бр.18: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д7-Стогово**

| | Телевизија 3 |
|---|---|
| информативна функција | 28:45:00 |
| образовна функција | 27:40:00 |
| забавна функција | 99:30:00 |
| други програмски сегменти | 12:05:00 |
| вкупно | 168:00:00 |

Најголем дел од програмската понуда на оваа телевизија се музичката програма и играната програма. Во текот на една недела оваа телевизија емитува вкупно 48 часа и 20 минути музичка програма и 51 час и 10 минути играна програма. Половина од информативната програма, поточно 15 часа и 30 минути се актуелно-информативна програма, а 11 часа и 15 минути се вести, односно ТВ дневници.

**Слика бр.13: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д7-Стогово**




Во 2017 година, програма во овој регион емитуваше само ТВ Канал 3. Речиси половина од испитаниците одговориле дека најчесто на овој програмски сервис ги гледаат вестите, а на второто место е забавната и/или музичката програма за којашто се изјасниле 19,40% од испитаниците.

**Табела бр.19: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д8-Попова Шапка во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ Канал Три | 3.95 | Н.п. | 3.92 | Н.п. | 4.49% | 5.15% |

**РР Д8**




**Број на регионални ТВ - 4**

**Број на население – 312.682**

**Активни деловни субјекти – 7.979**

**Вкупни приходи на регионалните ТВ – 12.27 милиони денари**

Во периодот на пишување на оваа Студија, дозвола да емитуваат програма во овој регион имаа четири телевизии – ТВ Коха, ТВ Кисс, ТВ Ускана еден и ТВ Топестрада. ТВ Коха и ТВ Топестрада емитуваат на албански јазик, ТВ Ускана еден на албански и македонски, а ТВ Кисс само на македонски јазик. Според податоците од последниот попис на населението во Република Македонија, 74.85% од жителите во регионот се Албанци, а 17,51% се Македонци.

Само ТВ Топестрада емитува програмски сервис од специјализиран формат кој има забавна функција. Останатите три телевизии имаат дозвола да емитуваат програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција.

**Табела бр.20: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај телевизиите во регионот Д8-Попова Шапка**

| | ТВ Коха | ТВ Кисс | ТВ Ускана еден | ТВ Топестрада |
|---|---|---|---|---|
| информативна функција | 26:30:00 | 30:00:00 | 26:15:00 | 0:00:00 |
| образовна функција | 21:00:00 | 18:30:00 | 21:51:00 | 2:30:00 |
| забавна функција | 71:30:00 | 78:30:00 | 86:22:00 | 154:44:00 |
| други програмски сегменти | 49:00:00 | 41:00:00 | 33:32:00 | 10:46:00 |
| вкупно | 168:00:00 | 168:00:00 | 168:00:00 | 168:00:00 |

Заеднички, овие четири телевизии емитуваат вкупно 672 часа програма во текот на една недела. Најголем дел од емитуваните содржини се со забавна функција – вкупно 391 час и 6 минути. Од нив пак, 211 часа и 31 минута се музички програми, а 131 час и 6 минути се играна програма. Најмногу музичка програма емитува ТВ Топестрада (139 часа и 54 минути), а најмногу играна програма ТВ Ускана еден (50 часа и 46 минути). Во текот на една недела се емитуваат вкупно 82 часа и 45 минути информативна програма, од кои најголем дел (32 часа) се вести. Најмал дел од емитуваните содржини се со образовна функција (63 часа и 51 минута), од кои пак 20 часа се документарна програма.

**Слика бр.14: Најчесто гледани содржини на телевизиите во регионот Д8-Попова Шапка**




Најчест избор на публиката од програмската понуда на овие четири телевизии биле вестите (30,90% од испитаниците одговориле дека на регионалните и локалните телевизии најчесто гледаат вести) и музичката програма (18,30%).

**Табела бр.21: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на регионалните телевизии во регионот Д8-Попова Шапка во 2016 и 2017 година**

| ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ КИСС | 4.57 | 3.58 | 4.57 | 3.58 | 2.28% | 2.47% |
| ТВ КОХА | 8.04 | 7.31 | 7.9 | 7.31 | 7.11% | 5.49% |
| ТВ УСКАНА ЕДЕН | 0.16 | 0.49 | 0.16 | 0.49 | 0.21% | 1.19% |
| ТВ ТОП ЕСТРАДА | - | 0.90 | - | 0.2 | - | 0.74% |

Во 2017 година, највисоки вкупни приходи од телевизиите во овој регион остварила ТВ Коха, во износ од 7,31 милион денари, сите од продажба на времето за рекламирање.

ТВ Коха е единствената телевизија којашто на крајот од годината остварила позитивен финансиски резултат.

# II. ЛОКАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ

Емитувањето телевизиски програмски сервис на локално ниво, односно на подрачје на одредено населено место со најблиската околина, може да се врши само преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс. Подрачјата на емитување на локално ниво се определени со Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси (бр. 01-5778/1 од 21.11.2014 година). Согласно правилникот, на територијата на Република Македонија постојат вкупно 22 вакви подрачја. Во две од нив, дозвола да емитуваат програма имаат по три локални телевизии, во четири по две телевизии и во шест по една телевизија. Во останатите десет подрачја не постојат локални телевизии.

За време на пишувањето на студијата, телевизиска програма на локално ниво емитуваа вкупно 20 телевизии. Од нив, 17 емитуваат програмски сервиси со претежно забавен општ формат, а три (ТВ Здравкин од Велес, ТВ Калтрина од Струга и ТВ Аниса од Кичево) програмски сервиси со општ формат, во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна).

**Табела бр.22: Времетраење на планираната неделна програма по функции кај локалните телевизии**

| ТВ | информативна функција | образовна функција | забавна функција | други програмски сегменти | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Феста | 26:15:00 | 21:00:00 | 87:22:00 | 33:23:00 | 168:00:00 |
| ТВ Хана | 25:00:00 | 30:00:00 | 82:00:00 | 31:00:00 | 168:00:00 |
| ТВ Плус | 41:00:00 | 15:00:00 | 79:00:00 | 33:00:00 | 168:00:00 |
| ТВ Нова | 22:20:00 | 36:10:00 | 92:15:00 | 17:15:00 | 168:00:00 |
| ТВ Кочани ЛД | 34:30:00 | 14:30:00 | 79:35:00 | 39:25:00 | 168:00:00 |
| ТВ Канал 8 | 15:30:00 | 37:02:00 | 87:30:00 | 27:58:00 | 168:00:00 |
| ТВ Протел | 10:30:00 | 20:30:00 | 47:00:00 | 30:00:00 | 108:00:00 |
| ТВ Канал 21 | 24:35:00 | 28:58:00 | 72:15:00 | 42:12:00 | 168:00:00 |
| ТВ Здравкин | 45:45:00 | 44:33:00 | 44:37:00 | 33:05:00 | 168:00:00 |
| ТВ Свет | 42:45:00 | 11:45:00 | 71:00:00 | 42:30:00 | 168:00:00 |
| ТВ Канал Визија | 38:00:00 | 15:00:00 | 81:00:00 | 34:00:00 | 168:00:00 |
| ТВ Морис | 27:00:00 | 31:00:00 | 68:00:00 | 42:00:00 | 168:00:00 |
| ТВ Калтрина | 42:55:00 | 43:15:00 | 56:30:00 | 25:20:00 | 168:00:00 |
| ТВ Спектра | 12:15:00 | 40:15:00 | 63:00:00 | 10:30:00 | 126:00:00 |
| ТВ Дибра | 18:30:00 | 31:20:00 | 91:55:00 | 26:15:00 | 168:00:00 |
| ТВ Дуе | 24:35:00 | 28:58:00 | 72:15:00 | 42:12:00 | 168:00:00 |
| ТВ Г-ТВ | 24:45:00 | 23:21:00 | 86:22:00 | 33:32:00 | 168:00:00 |
| ТВ Ускана медиа | 26:15:00 | 21:51:00 | 86:22:00 | 33:32:00 | 168:00:00 |
| ТВ Аниса | 55:00:00 | 55:00:00 | 55:00:00 | 3:00:00 | 168:00:00 |
| ТВ Гурра | 26:15:00 | 21:51:00 | 86:22:00 | 33:32:00 | 168:00:00 |

Во текот на една недела, сите телевизии заедно емитуваат 1489 часа и 20 минути програмски содржини со забавна функција, 571 час и 19 минути содржини со образовна функција и 583 часа и 40 минути содржини со информативна функција.

Од сите локални телевизии, најмногу програми со забавна функција во текот на една недела емитуваат ТВ Нова од Гевгелија (92 часа и 15 минути) и ТВ Дибра од Дебар (91 час и 55 минути). Образовните и информативните програми се најзастапени кај ТВ Аниса од Пласница, којашто неделно емитува по 55 часа содржини со образовна и исто толку содржини со информативна фунција.

Кај вкупно 14 локални телевизии, најзастапен вид програма со информативна функција се вестите/ТВ дневниците, кај три телевизии (ТВ Плус од Куманово, ТВ Свет од Свети Николе и ТВ Морис од Охрид) доминира информативно-забавната програма, кај една (ТВ Нова од Гевгелија) актуелно-информативната програма со документаристички пристап, кај една (ТВ Канал Визија од Прилеп) актуелно-информативната програма и кај една (ТВ Аниса од Пласница) друга информативна програма. Најголема застапеност вестите имаат кај програмскиот сервис на ТВ Здравкин од Велес (16 часа и 25 минути неделно).

Речиси 35% од содржините со образовна функција се документарна програма. Во текот на една недела, сите телевизии заедно емитуваат вкупно 196 часа документарна програма.

Од видовите програми кои остваруваат забавна функција, 18 од вкупно 20 локални телевизии најдолго време емитуваат играна програма, која опфаќа телевизиски, кинематографски и анимирани филмови, серии, серијали, театарски претставии, хумор и сатира, реалистични играни серијали. Само ТВ Морис од Охрид и ТВ Калтрина од Струга повеќе време емитуваат музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, танци, балет, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма). Во текот на една недела, најдолго време играна програма емитува ТВ Канал 8 од Кочани (74 часа и 5 минути).

**Табела бр.23: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на локалните телевизии во 2016 и 2017 година**

| ТВ | подрачје (општини) | вкупни приходи (во милиони ден.) | | приходи од реклами (во милиони ден.) | | удел во гледаноста во регионот | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 | 2016 | 2017 |
| ТВ Феста | Куманово, Липково и Старо Нагоричане | 1.34 | 0.37 | 0.65 | 0.37 | 1,57% | 1,57% |
| ТВ Хана | | 0.85 | 0.30 | 0.36 | 0.30 | 2,24% | 2,29% |
| ТВ ПЛУС | | 3.21 | 3.15 | 2.34 | 1.80 | 1,80% | 2,13% |
| ТВ Нова | Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран | 1.49 | 0.96 | 1.49 | 0.96 | 2,62% | 3,61% |
| ТВ Кочани-ЛД | Кочани, Виница, | 2.14 | 2.24 | 2.14 | 1.89 | 2,85% | 2,14% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Канал 8 | Чешиново - Облешево и Зрновце | 1.61 | 1.66 | 1.59 | 1.44 | 3,21% | 2,31% |
| ТВ Протел | Пробиштип и Кратово | 1.68 | 1.31 | 1.68 | 1.30 | 3,65% | 3,62% |
| ТВ Канал 21 | Велес, Чашка и Градско | 1.61 | 0.67 | 1.51 | 0.62 | 2,24% | 2,94% |
| ТВ Здравкин | | 1.09 | 0.02 | 1.06 | 0.02 | 1,65% | 2,56% |
| ТВ Свет | Свети Николе и Лозово | 1.25 | 0.63 | 1.12 | 0.62 | 2,75% | 3,16% |
| ТВ Канал Визија | Долнени, Прилеп и Кривогаштани | 4.61 | 4.56 | 4.39 | 4.46 | 1,87% | 5,56% |
| ТВ Морис | Охрид и Дебарца | 0.57 | 0.65 | 0.57 | 0.65 | 2,68% | 2,69% |
| ТВ Калтрина | Струга и Вевчани | 0.88 | 0.22 | 0.87 | 0.13 | 3,12% | 2,92% |
| ТВ Спектра | | 1.25 | 0.61 | 0.73 | 0.55 | 2,17% | 2,35% |
| ТВ Дибра | Дебар, Центар Жупа, Маврово и Ростуша | 0.93 | 0.87 | 0.93 | 0.87 | 6,13% | 5,15% |
| ТВ Дуе | Гостивар, Врапчиште и Боговиње | 1.39 | 1.23 | 0.78 | 1.23 | 0,73% | 1,36% |
| Г-ТВ | | 1.47 | 1.05 | 1.47 | 1.03 | 2,16% | 2,35% |
| ТВ Ускана медиа | Кичево, Пласница и Македонски Брод | 0.88 | 0.74 | 0.88 | 0.74 | 1,82% | 2,74% |
| ТВ Аниса | | 0.60 | 0.09 | 0.60 | 0.09 | 1,29% | 1,67% |
| ТВ Гурра | | 2.30 | 0.80 | 1.40 | 0.80 | 0,91% | 1,45% |

Единаесет локални телевизии емитуваат програма на македонски јазик, четири на албански и македонски јазик (ТВ Калтрина од Струга, ТВ Дибра од Дебар и ТВ Гурра и ТВ Ускана Медиа од Кичево), три на албански јазик (ТВ Дуе од Гостивар и ТВ Феста и ТВ Хана од Куманово), една на македонски и српски јазик (ТВ Плус од Куманово) и една на албански, македонски и турски јазик (Г-ТВ од Гостивар).

Во 2017 година, локалните телевизии заедно оствариле вкупни приходи во износ од 27,48 милиони денари, од кои 25,21 милион биле од продажба на времето за рекламирање. Највисоки приходи од реклами, во износ од 5,34 милиони денари, остварила ТВ Орбис од

Битола, којашто емитуваше програма на подрачјето на општините Битола, Могила, Новаци и Ресен (Дозволата на ова телевизија беше одземена на 31.10.2018 година). На 31 декември 2017 година, вкупниот број на активни деловни субјекти (потенцијални огласувачи) во овие три општини изнесувал 4.551, а бројот на население изнесувал 117.097 жители.

**Слика бр.15: Број на активни деловни субјекти и број на население**




Најниски приходи од реклами остварила ТВ Здравкин од Велес (0,02 милиони денари), и покрај тоа што бројот на потенцијални огласувачи на територијата на којашто оваа телевизија емитува програма е поголем отколку во повеќето други подрачја на локално ниво.

Финансискиот резултат од работењето на локалните телевизии била загуба во износ од 4,62 милиони денари – само шест од нив во 2017 година оствариле добивка.

# III. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

На крајот од 2017 година, вкупниот број на регионални телевизии изнесуваше 22, од кои 12 емитуваа програма преку дигитален терестријален мултиплекс, а десет преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа. Во оваа година, вкупните приходи на регионалните телевизии изнесувале 102,38 милиони денари, што претставува само 7,20% од вкупните приходи на комерцијалните телевизии. Покрај тоа што регионалните телевизии имаат забележително мало учество во вкупните приходи на комерцијалните телевизии, тоа од година в година бележи и континуирано намалување (во 2014 година изнесувало 17,97%, во 2015 година 15,26%, а во 2016 година 12,92%). Покрај учеството, во последните четири години се намалувале и вкупните приходи на овие телевизии (во 2014 година изнесувале 304,06 милиони денари, во 2015 година 250,59 милиони денари, во 2016 година 199,05 милиони денари, за да во 2017 година паднат на 102,38 милиони денари). Од длабинските интервјуа што за потребите на оваа Студија беа спроведени со претставници на неколку регионални телевизии и маркетинг агенции, произлезе дека намалувањето на приходите во најголема мера се должи на одлуката на Владата од јули 2015 година да престане да се рекламира, но и на неколку други причини. Најважна од нив е причината што најзначајните огласувачи на регионалните телевизии - регионалните и локалните претпријатија се економски слаби субјекти коишто може да си дозволат многу мали суми за огласување. Од друга страна пак, голем проблем за зголемување на приходите на регионалните телевизии е нивната многу мала гледаност. Претставниците на рекламните агенции посочија дека поради ова речиси е сосема неоправдано да се издвојуваат средства за огласување на овие телевизии. Во последните години, дополнителен проблем за регионалните телевизии претставува и огласувањето на интернет. Имено, некои од огласувачите дел од средствата за огласување на регионалните телевизии веќе пренасочуваат за огласување на интернет, што не е случај со средствата за огласување на телевизиите на државно ниво. Малата гледаност на регионалните телевизии е сериозен проблем. Тие не располагаат со доволно средства ниту да продуцираат, ни да набават атрактивна програма. И покрај тоа што имаат предност над телевизиите на државно ниво, во смисла на тоа дека на публиката можат да и понудат теми од регионален карактер за коишто кај големите телевизии најчесто нема простор, тие немаат ни техничка опременост, ниту пак соодветно обучени кадри за да обезбедат квалитетна и атрактивна продукција.

Состојбите на локалниот телевизиски пазар се многу случни со оние на регионалниот - телевизиите се економски слаби, работат непрофитабилно, имаат мала гледаност, речиси сосема се неатрактивни за маркетинг агенциите и за големите огласувачи, а нивните редовни огласувачи – локалните претпријатија се со мал огласувачки потенцијал. Тие не располагаат ниту со доволно финансиски средства, ниту со соодветно обучен кадар за да продуцираат квалитетни содржини со што би ги надминале пречките за развој, односно би ја зголемиле својата гледаност, а со тоа и приходите. Оттука и за нив важат истите заклучоци и препораки како и за регионалните телевизии.

**Препораки:**

- Прв чекор за подобрување на состојбата на регионалните и локалните телевизии е да се препознае нивната важност за обезбедување демократски амбиент во општеството;
- При креирањето на медиумската регулатива нужно е да се имаат предвид битните прашања што се однесуваат на работењето на регионалните и локалните телевизии, со што ќе се обезбеди регулаторна рамка која ќе овозможи развој на овој сегмент од телевизиската индустрија;
- Потребно е да се организираат обуки за подигнување на капацитетот на новинарите и на реализаторскиот кадар во регионалните и локалните телевизии со цел зголемување на квалитетот на продуцираните содржини, како и обуки за развивање на нови бизнис модели и можностите за нови извори на приходи што ги нуди дигиталното опкружување;
- Да се размисли за формирање фонд за поттикнување на продукцијата на аудиовизуелни дела;
- Имајќи ја предвид тешката економска состојба на регионалните и локалните телевизии, потребно е да се разгледа можноста надоместокот за дозволата да го плаќаат на неколку рати;
- АВМУ да продолжи да изработува анализи, истражувања и студии, со коишто на регионалните и на локалните телевизии ќе им се обезбедат податоци што се значајни за нивното работење, со оглед на тоа дека тие самите не се во можност да финансираат ваков вид истражувања.